ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 15 – 1/2015
Загреб, 28. 02. 2015.

# З А П И С Н И К

од **9. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **28.02.2015 година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Ангел Митревски – Сплит, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Борис Трајановски – Осиек, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Гости на седницата:** Виолета Штерјова – член на НО на ЗМРХ, Никола Гроздановски – почесен претседател на ЗМРХ, Томе Апостолоски – претседател на Советот на МНМ за град Загреб, Лазар Тошанов – Загреб и Тинка Барбутов Крстева – Загреб.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, И. Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 8. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2015.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2014. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Усвојување на Записникот од пописната комисија за имотната состојба на ЗМРХ за 2014 година и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Усвојување на Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2015 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2015 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 8. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од сите друштва и ЗМРХ (прилог). По оваа точка не се водеше дискусија.

**Ад. 3.** За годишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2014. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2014. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Извештаите на ЗМРХ и друштвата навремено се предадени до Советот за националните малцинства на РХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2014. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 4.** Пописот на имотната состојба на ЗМРХ беше спроведен на 22.12.2014 година од страна на пописната комисија (Ивана Лазаревска, Цветко Поповски и Олга Чичек), а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на пописната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на ЗМРХ кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 4.);
- Се усвојува записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ.

**Ад. 5.** Претседателот Христодулов рече дека Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2015 година е подготвен според податоците на пријавените програми за работа на ЗМРХ и друштвата до Советот за националните малцинства на РХ (прилог). Кога Советот за националните малцинства на РХ ќе ја донесе Одлуката за финансирањето на програмите, тогаш од страна на ЗМРХ ќе се донесат и измените и дополнувањата, односно новиот План и програма на работа за 2015 година со финансиска конструкција, како и Финансискиот план. Членот на Советот, Ангел Митревски, појасни дека конечната распределба на средствата во Советот ја врши посебна комисија за одобрување на програми, а членовите на комисијата се тајни. Здруженијата имаат право само на една пренамена на средствата годишно и тоа само во истото друштво и во истата група на програми (на пр. издаваштво). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2015 година, подготвен според податоците на пријавените програми за работа на ЗМРХ и друштвата до Советот за националните малцинства на РХ.

**Ад. 6.** По оваа точка се расправаше за годинешните програми на ЗМРХ пријавени до Советот за националните малцинства на РХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Културната манифестација – изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ со МКД „Билјана“ од Задар ќе се реализира во Задар во текот на месец април или мај; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Билјана“ од Задар; настан: изложба „Светот на сништата“ на цртежи во комбинирана техника и графики на м-р Весна Радишиќ и „Виртуелна стварност“ на слики-цртежи во комбинирана техника на Сашо Ацковски;
- Културната манифестација „24. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ со МКД „Македонија“ од Сплит ќе се реализира во Сплит во текот на месец мај, заклучно со 24 мај; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Македонија“ од Сплит; настани: изложба, трибина на „Нова Македонија“, трибина со писатели од Македонија, свечена академија и сл.;
- Културната манифестација „18. Денови на браќата Миладиновци“ со МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек ќе се реализира во Осиек и Ѓаково на 8 април и на 13 јуни; Организациски одбор за манифестацијата: МКД Браќа Миладиновци“ од Осиек; настани: изложба, трибина, концерт, промоција на награден писател на „Струшките вечери на поезијата“ и сл.;
- Културната манифестација „Илинден 1903-2015“ со МКД „Илинден“ од Риека ќе се реализира во „Голубињак“, Горски Котар, на 1 август; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Илинден“ од Риека;
- Културната манифестација „Денови на глаголицата во Истра“ со МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула ќе се реализира во Истра во текот на месец септември или октомври; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула; настани: трибина, концерт и сл.;
- Културната манифестација „Ден на ЗМРХ“ со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб на 31 октомври; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а; Координатор на манифестацијата: Илија Христодулов; настан: концерт;
- Културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри“ со МКД „Охридски бисер“ од Загреб ќе се реализира во Самобор на 21 ноември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Охридски бисер“ од Загреб; настани: трибина, концерт и сл.;
- Културната манифестација – трибина „Македонија и Евроатлански интеграции (историски вистини и заблуди)“ со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб, Сплит, Риека, Осиек, Пула и Задар во текот на целата година; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а; настан: трибина.

**Ад. 7.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Седницата на Редовното собрание на ЗМРХ да се одржи во Загреб (датумот ќе се одреди дополнително по телефонски пат – 25 април или некој друг близок, зависно од подготвеноста на измените и дополнувањата на Статутот кој треба да се усогласи според новиот Закон за здруженија);
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и подготват Записник за Собранието за финансиското работење на ЗМРХ за 2014 година;
- Сите друштва навремено да доставaт до ЗМРХ список на свои 5 (пет) именувани делегати за Собранието;
- Да се исплатат патните трошоци (ќе се признава 5 делегати од еден град со еден автомобил за 1 кн/км или поединечно потврда од автобус или воз) и по пола дневница на сите делегати на Собранието, со тоа да секој индивидуално си обезбеди храна и пијалак.

**Ад. 8.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. За претстојните овогодишни избори на Советите и претставниците на националните малцинства информираа Митревски и Апостолоски. Се рече дека сè уште не е одреден точниот датум за изборите, но се предвидува дека ќе биде во втората половина на месец мај или првата половина на месец јуни, додека конституирањето е со законски рок од 30 дена од изборите. Се договори: да се праша дали ЗМРХ може на изборите да пријави своја листа на кандидати; да се организира состанок на претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов и претседателот на Македонската координација, Томе Апостолоски; да се анимираат Македонците во Хрватска за изборите. Понатаму, Тинка Б. Крстева информираше за иницијативата за изучување на македонски јазик во средно училиште во Загреб (Прва гимназија) и за истата предложи Наставна програма која таа ја подготвила (прилог). Се договори ЗМРХ да ја прати Наставната програма на македонска настава во странство на усвојување до Агенцијата за воспитување и образование, а по усвојувањето да поднесе барање за спроведување на настава по македонски јазик по моделот Ц до Првата гимназија во Загреб. За повторното барање на Македонскиот културен форум од Пула за прием во членството на ЗМРХ (прилог), начелен став е дека од една жупанија и од еден град ЗМРХ во својот состав има по еден член. Во овој случај за Град Пула тоа е МКД „Св. Кирил и Методиј". Поради тоа, се зазема став дека по проценка на УО на ЗМРХ сè уште не се стекнати услови за евентуално примање на уште едно македонско друштво од Пула во членството на ЗМРХ. Како најприфатливо решение УО на ЗМРХ советува членовите на Македонскиот културен форум да се вчленат во МКД „Св. Кирил и Методиј" и на тој начин ќе станат членови и на ЗМРХ. За изборите за член на Советот за националните малцинства на РХ, телефонски беше одлучено ЗМРХ повторно да го поддржи и предложи досегашниот член Ангел Митревски, на што тој се заблагодари на довербата и рече дека не е потребно, бидејќи веќе бил предложен од страна на Советот на МНМ за Град Сплит и од претставникот на МНМ за Сплитско-далматинската жупанија. Петровска информираше дека на Јавниот повик од МНР на РМ за проектни апликации, од ЗМРХ се пријавени пет проекти за 2015 година. Митревски извести за првиот тест-проект што го апицирал за МКД „Македонија" од Сплит до Европскиот фонд. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешува Васил Тоциновски од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас" како досегашен дописник од Риека; Се именува Ана Азеска за член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и за дописник од Риека (врз основа на донесената одлука на УО на МКД „Илинден" од Риека од 26 февруари, за разрешување на досегашниот дописник и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и именување на нов – прилог);
- На Јавниот повик во рамките на проектот „Македонија памти" од Агенцијата за иселеништво на РМ, ЗМРХ ги предлага почесниот претседател д-р Никола Гроздановски – Коле и МКД „Илинден" од Риека за доделување на одликувања и признанија за особени заслуги и достигнувања на физички и правни лица од иселеништвото, за афирмација на Република Македонија во светот, во сите области на општествено делување;
- По безогледниот одговор од Советот на МНМ за Град Пула во врска со реагирањето за инцидентот што се случи на прославата по повод Денот на независноста на РМ во хотелот „Шеретон" во Загреб (прилог), да се стопира понатамошната бесполезна кореспонденција;
- На апелот од Амбасадата на РМ во РХ за помош на поплавените подрачја во Македонија, ЗМРХ донира 1.000,00 кн;
- Да се уплатат долговните средства на сметката на ЗМРХ за минатогодишниот „Ден на ЗМРХ" (МКД Сплит и Задар 2.150,00 кн и МКД Пула 606,25 кн);

- Се даруваат 50 примероци од најновата книга „Огниште“ на авторот Милена Златеска; по 25 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн, а за јавен откуп до меродавните институции 120,00 кн.

На крајот, Никола Гроздановски ги извести присутните за иницијативата на Лилјана Стојановска за собирање на финансиска помош за лекување на тешко болниот Македонец, академскиот музичар, поет, сликар и основач на вокалниот квартет „Пела“ од Словенија, Љубен Димкароски. Потоа, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновата книга „Огниште“ од Милена Златеска.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.00** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на Заедницата:

Илија Христодулов